**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
**бр.02-3428/**

# З А П И С Н И К

**Од 115-та седница на Програмскиот совет на ЈРП Македонска Радио Телевизија одржана на 29.07.2020 година.**

| |
|---|
| **ПРИСУТНИ ЧЛЕНОВИ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ:** проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац Претседател на Програмскиот совет на МРТ,Ведат Мемедалија-Зам.претседател на Програмскиот совет,Снежана Клинчарова,м-р Ристе Панов,Гајур Рамадани,Илир Рамадани,Златко Јанковски,Косана Мазнева Николиќ, Селпин Керим, м-р Јагнула Куновска, Ивана Трајковска и Анита Латифи. |
| |
| **ОТСУТНИ ЧЛЕНОВИ:** д-р Агим Лека. |
| |
| **ДРУГИ ПРИСУТНИ:** Арун Ибраими-Заменик директор на МРТ,Горан Атанасов-директор на заеднички функции и администрација во МРТ,Виолета Димевска-раководител на одделение за планирање и буџет. |

***Во согласност со препораките на Владата на РМ дадени поради Корона кризата во државата, 115-та седница на Програмскиот совет на МРТ се одржа во онлјан формат односно преку конференциска врска.***

Седницата започна во 13:00 часот.
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го прочита доставениот дневен ред пред присутните.
Програмскиот совет го разгледа предложениот Дневен ред.
Програмскиот совет едногласно го усвои Дневниот ред.

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Разгледување и усвојување на записникот од 114-та седница на Програмски совет на МРТ.

2. Разгледување и усвојување на Извештајот за финансиското работење на ЈРП МРТ за преиодот од 01.04.2020-30.06.2020 година.

3. Разгледување на Информација за пристигнати фактури по програма за преиодот од 01.04.2020-30.06.2020 година.

4. Разно.

ТОЧКА 1:**Разгледување и усвојување на записникот од 114-та седница на Програмскиот совет на МРТ.**
Претседателот на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац ги стави на разгледување записникот од 114-та седница на Програмскиот Совет на МРТ.
По расправата записникот од 114-та седница на Програмскиот совет на МРТ беше ставен на гласање.
Програмскиот совет на едногласно **ги усвои** записникот од 114-та седница на Програмскиот Совет на МРТ.

ТОЧКА 2: **Разгледување и усвојување на Извештајот за финансиското работење на ЈРП МРТ за преиодот од 01.04.2020-30.06.2020 година.**
Воведно излагање по оваа точка имаше Виолета Димовска раководител на одделението за планирање и буџет во МРТ со детално објаснување на целиот материјал од Извештајот за финансиското работење на ЈРП Македонска Радио Телевизија за преиодот 01.04.2020-30.06.2020 година.
Виолета додаде дека Во второто тримесечје од 2020 година, во своето работење, Македонска радио телевизија оствари приходи во вкупен износ од 259.747.195 денари и расходи во износ од 203.961.740 денари, при што е остварен позитивен финансиски резултат од 55.785.455 денари.
Надзорниот одбор на МРТ предходно на своја седница го разгледа Извештајот за финансиското работење на ЈРП Македонска Радио Телевизија за преиодот од 01.04.2020-30.06.2020 година без забелешки.

Претседателката на советот Смилка Ј Саркањац по расправата го стави на гласање Извештајот за финансиското работење на ЈРП Македонска Радио Телевизија за преиодот од 01.04.2020-30.06.2020 година.

■**Извештајот за финансиското работење на ЈРП Македонска Радио Телевизија за преиодот од 01.04.2020-30.06.2020 година** беше ставен на гласање:

- ЗА гласаа:**12** членови,
- ПРОТИВ гласаа:**0** член,
- ВОЗДРЖАН гласаа:**0** член.

По спроведеното гласање се констатира дека Извештајот за финансиското работење на ЈРП Македонска Радио Телевизија за преиодот од 01.04.2020-30.06.2020 година е едногласно **усвоен** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

ТОЧКА 3:**Разгледување на Информација за пристигнати фактури по програма за преиодот од 01.04.2020-30.06.2020 година.**
Воведно излагање по оваа точка даде Виолета Димевска раководител на одделението за планирање и буџет во МРТ со детално образложение по материјалот,согласно барањата од предходните седници на членовите Анита Латифи и заменик претседателот Ведат Мемедалија ги образложи пристигнатите фактури во овој квартален извештај за Прв и Втор Програмски сервис по однос на Договори за копродукција и откупени програмски права.
Претседателката на советот Смлка Јанеска Саркањац со забелешка дека ваквиот документ е многу добар,но дека треба во иднина да содржи и уште делот на откупена филмска програма и спорт.

**ТОЧКА 4:Разно.**
Воведно излагање по оваа точка имаше Претседателката на советот Смлка Јанеска Саркањац која истакна дека во наредниот период кој следува советот има две главни обврски а тоа се разгледување и носење Одлука за покривање на загуба по годишна сметка и барањето од Синдикалната организација кое прво треба да го разгледа и даде свое мислење Надзорниот одбор на МРТ.
Во продолжение беше образложена и доставена на разгледување Одлука за утврдување на висина на надоместокот за работа на Претседателот и заменик претседателот на Надзониот одбор и Програмскиот совет на МРТ со бр.7003/1 од 01.10.2015 година.
Снежана Клинчарова во продолжение објасни дека оваа Одлука е заедничка за двете тела и дека нема ништо спорно истата да се преповтори и на ново да биде донесена.
По расправата беше предложен Заклучок:
• Програмскиот совет на МРТ го задолжува Секторот за Финансиско работење на МРТ-(одделение за финансии) да достави Информација по однос на исплатата на надоместоците утврдени во Одлуката за утврдување на височината на надоместокот за работа на Претседателот и Заменик Претседателот на Програмски совет и Надзорен одбор на МРТ со бр.02-7003/1 од 01.10.2015 година.
-Заклучокот беше едногласно усвоен од страна на Програмскиот совет на МРТ.

Во продлжение Претседателката на советот Смлка Јанеска Саркањац предложи Заклучок:
• Програмскиот совет на МРТ го задолжува Директорот на МРТ да достави Информација до Програмскиот совет на МРТ до каде е изработката на документот „Петгодишна стратегија за развој на Мекдонската Радиотелевизија“,а доколку истиот е спремен да биде уредно доставен до Надзорниот одбор и Програмскиот совет на МРТ на разгледување.
-Заклучокот беше едногласно усвоен од страна на Програмскиот совет на МРТ.

Заменик претседателот на Програмскиот совет Ведат Мемедалија со прашање до заменик директор на МРТ и до директорот на администрација до каде е ситуацијата со документот за систематизација дали стана официјално валиден, и друго по однос на дописниците дали им се намалени примањата.
Горан Атанасов со одговор дека документите се усвоени и официјално валдини но дека новонастанатата ситуација заглавени се по министерства.
А што се однесува до дописниците заменик директорот Арун Ибраими објасни дека сигурно истото е настанато кај оние кои веќе работат во други институции и со уредба од Влада им се скратени поради настаната ситуација со Корона кризата.
Анита Латифи со прашање зошо немаше директен пренос од седницата на ДИК како што беше пракса во претходните години.Горан Атанасов со одговор дека ќе мора уредниците да одговорат на ова.
Предложено беше и усвоено на наредна седница да се вклучат и одговорните уредници да образложат.

Седницата заврши во 14:00 часот.

Записничар:
А.Алулоски

Програмски совет на МРТ

проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац
претседател